**ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ ВО СКОПЈЕ**
**објавува**

# КОНКУРС
# ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+
# АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ
**во зимскиот семестар за академската 2024/2025 година**

Во рамки на програмата ЕРАЗМУС+ К131 на Европската комисија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје распишува конкурс за доделување стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ.

Право на пријавување имаат само редовни студенти со завршена прва година на студии.

**Времетраење на мобилноста за студенти:** еден семестар (зимски семестар).
Мобилноста се остварува во рамки на потпишаниот Еразмус+ договори меѓу Воената акдемија со:

1. Воената академија „Theresianische Militärakademie“ на Република Австрија- 2 (две) места за студентска мобилност;

**<u>1. Потребни документи за мобилност на студенти:</u>**

Сите документи за аплицирање се достапни на интернет-страната на Воената академија:
1. пополнет пријавен образец (може да се спушти од страната на Воената академија)
2. мотивациско писмо
3. europass CV-модел
4. договор за студирање во кој се утврдува програмата за студирање, потпишана и одобрена од страна на студентот, Воената академија/Еразмус+ координаторот и факултетот во странство (минимум 20 ЕКТС- максимум 30ЕКТС);
5. Копија од државјанство
6. Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
7. Препис од оценките за положени испити од моменталниот циклус на студии
8. Копија од важечка патна исправа (пасош)

**<u>2. Рангирањето на кандидатите ќе се изврши по следните критериуми</u>**:
- Постигнат успех (50 поени)
- Постигнатиот успех на последниот испит по англиски јазик (20 поени)
- Резултати од интервју (20 поени)
- Мислење од ЦОП (10 поени)

Висината на стипендијата за студентите изнесува 606-674 ЕУР месечно, согласно земјата во која се престојува.

Патните трошоци и здравственото осигурување ги покриваат лично студентите.

**<u>Селекцијата/рангирањето на кандидатите ја прави комисија согласно со утврдените критериуми: академскиот успех, познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата, мотивација.</u>**

При одлучувањето, предност ќе имаат кандидатите кои аплицираат за првпат и досега не користеле Еразмус+ стипендија или спаѓаат во групата на студенти со помалку можности согласно програмата Еразмус+.
Кандидатите лично ја поднесуваат апликацијата преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Еразмус+ канцеларија на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје
На личност на д-р Љупчо Шошоловски, доцент или м-р Елена Трајановска, виш лектор за Еразмус+ КА1 за Оглас со рок **<u>до 27-ми мај 2024.</u>**

*<u>(Напомена: Неисправно пополнетите пријавни обрасци, непотпишаните пријави и пријавите со непотполна документација, како и оние доставено по завршувањето на рокот нема да бидат земени во пред вид за разгледување и ќе се сметаат за неважечки).</u>*

Краен рок за поднесување на **апликациите** од страна на кандидатите преку деловотство на Воената академија до Еразмус + координаторот е **27-ми мај 2024.**

Еразмус + канцеларија
Воена Академија
„Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје

Д Е К А Н
полковник
проф. д-р Митко Богданоски